# **Каде да се обратите за помош** (Викторија)

*Овој Лист за помош опишува каде луѓето со Паркинсонова болест и нивните семејства и негуватели може да се обратат за помош, поддршка и информации во Викторија. Тој исто така дава информации и каде да се обратите за помош на македонски јазик.*

Паркинсоновата болест е здравствена состојба што влијае на движењето. Таа главно ги зафаќа луѓето на возраст од 60 и повеќе години, но може да се јави кај возрасни лица на било која возраст. Паркинсоновата болест се развива бавно и може да минат долги години пред да почнат знаците на болеста да предизвикуваат поголеми проблеми во секојдневниот живот. Кога ќе се случи тоа, многу од знаците на болеста може да се совладаат со лекување и поддршка.

## Каде да се обратите за информации и поддршка во врска со Паркинсоновата болест

**Здружението Parkinson's Victoria** има специјализирани здравствени работници што може да дадат поддршка и информации по телефон или лично. Информации може да се добијат на многу јазици, а може да се добие и бесплатна услуга од преведувач.

**Групи за поддршка за лица засегнати од Паркинсоновата болест** работат во повеќето градски подрачја и подрачја во внатрешноста. На луѓето со Паркинсонова болест, како и на нивните роднини и негуватели може да им помогнат средбите и разговорите со други луѓе што минуваат низ слични искуства.

Здружението Parkinson's Victoria може да ве поврзе со вашата локална група.

**Група за поддршка за помлади лица заболени од Паркинсонова болест** дава информации и подддршка за луѓе кај кои болеста се јавила на помлада возраст. Може да ви помогне ако запознаете други луѓе со Паркинсонова болест кои се справуваат со такви работи како што е одгледувањето семејство или одењето на работа.

Javete се во Здружението Parkinson's Victoria за повеќе информации.

**Информативни состаноци за Паркинсонова болест и групи за поучување** се одржуваат одвреме-навреме низ Мелбурн и во внатрешноста на Викторија.

Здружението Parkinson's Victoria може да ви ги каже поединостите за претстојните состаноци.

## Каде да се обратите за помош во секојдневното живеење

**Амбулантите за нарушувања на движењето (Movement Disorder Clinics)** нудат специјализирани програми и совети за да ги научат луѓето со Паркинсонова болест на кој начин може да се справат со секојдневното живеење. Здружението Parkinson's Victoria може да ви каже дали има некоја таква амбуланта во вашето подрачје.

**Центрите за самостојно живеење (Independent Living Centres)** даваат информации и совети за помагалата и опремата што може да помогнат при секојдневните активности, на пример, кутии за лекови со звучен сигнал и прибор за јадење што лесно се користи.

Телефон: 1300 885 886
www.ilcaustralia.org.au

**Службите за онеспособени лица при Одделот за општествени служби (Department of Human Services Disability Services)** даваат информации за поддршката и услугите во заедницата за онеспособени луѓе и за нивните семејства во вашето локално подрачје. Информации може да се добијат на многу јазици на заедницата.

Телефон на дежурната служба за онеспособени лица (Disability Intake & Response Phone): 1800 783 783. За да зборувате со некого на вашиот јазик, телефонирајте на: 131 450.

**Disability on line** е место на интернет со информации за онеспособени луѓе, вклучувајќи информации на разни јазици.

Посетете го: www.disability.vic.gov.au

**Centrelink** им дава финансиска поддршка на луѓето во нужда, вклучувајќи ги онеспособените лица и лицата што бараат работа.

Телефонирајте во Centrelink на 132 717. За да разговарате со Centrelink на други јазици освен на англиски, телефонирајте на: 131 202.

Parkinson's Victoria
HELP FOR TODAY
HOPE FOR TOMORROW

**Локалните организации** исто така може да помогнат, вклучувајќи ги:

- Локалните општини/окрузи
- Здравствените центри за заедницата
- Куќите во соседството
- Службите за забава и разонода во слободното време
- Информативните центри за доселеници.

## Каде да се обратите за помош кога ќе ви се зголемат потребите од нега

ТИма многу услуги што им помагаат на луѓето да продолжат да живеат во својот дом кога стареат или кога нивните потреби од нега се зголемуваат. Во тие услуги спаѓаат:

- Помош околу личната нега, на пример, капење, облекување или јадење
- Оброци што се испорачуваат дома и други услуги во врска со храната
- Помош во домот околу домашните работи, перењето и пазарувањето.

Овие услуги може да се пружаат преку локалните општини, здравствените центри за заедницата, организациите во заедницата и преку одобрените даватели на услуги за постари лица. Нив исто така може да ги пружа некој што го зборува вашиот јазик.

За информации и за да добиете помош во вашето подрачје, јавете се во Сојузниот центар за нега (Commonwealth Carelink Centre): 1800 052 222.

**'Age Page'** е во предниот дел на вашиот телефонски именик и исто така содржи контактни поединости за многу служби што може да им помогнат на луѓето што стареат.

## Каде да се обратат за помош негувателите

И на луѓето што негуваат некое лице со Паркинсонова болест исто така им треба помош и поддршка. Има служби што може да им помогнат на негувателите.

**Carers Victoria** нуди информации, советување, работилници за поучување и совети за негуватели, вклучувајќи совети за услугите за негуватели и нивните права. Информации може да се добијат и на други јазици.

Телефон: 1800 242 636. За да зборувате со Carers Victoria на вашиот јазик, телефонирајте на 131 450.

**Сојузниот центар за одмена на негувателите од негата (Commonwealth Carer Respite Centre)** може да им помогне на негувателите да здивнат додека лицето што тие го негуваат учествува во активности за дружење или за забава и разонода.

Одмената од негата може да се пружа дома, во заедницата или во установа. Телефон: Commonwealth Carer Respite Centre: 1800 059 059.

**Centrelink:** Повеќето луѓе што негуваат некого дома може да добијат финансиска помош преку Додатокот за негуватели (Carer Allowance). Некои негуватели може да ги исполнуваат условите за добивање Исплата за негуватели (Carer Payment).

Телефонирајте во Centrelink на 132 717. За да зборувате со Centrelink на јазик што не е англиски, телефонирајте на 131 202.

## Каде да се обратите за повеќе помош на вашиот јазик

Мултикултурни **Организацијата за дејствување при онеспособеност во етничките заедници (Action on Disability in Ethnic Communities - ADEC)** овозможува активности за дружење на разни јазици за да ги поддржи онеспособените луѓе и негувателите во некои делови на Мелбурн. Телефон: (03) 9480 1666

**Македонска Добротворна Организација (Macedonian Community Welfare Association)** нуди програми и услуги за да им помогне на луѓето од македонската заедница.
Телефон: 9310 7566 / 1800 988 767
www.mcwa.org.au

**За натамошни информации и поддршка:**

**Телефонирајте во Здружението Parkinson's Australia: 1800 644 189**

За да зборувате со нас на јазик што не е англиски

Телефонирајте на: **131 450** и побарајте преведувач за вашиот јазик да ве поврзе со Здружението Parkinson's Australia во вашата држава или територија. Оваа услуга е бесплатна.

Овој и други листови за помош може да се добијат на повеќе јазици на заедницата. Јавете ни се или симнете ги од нашето место на интернет.

**www.parkinsons.org.au**

*Септември 2008 г.*

Parkinson's Victoria
HELP FOR TODAY
HOPE FOR TOMORROW

Ова издание го изработи Здружението Parkinson's Victoria со поддршка од Добротворниот фонд на градоначалникот (Lord Mayor's Charitable Foundation).

Здружението Parkinson's Victoria не одговара за ниедна грешка или пропуст во ова издание.

© Parkinson's Victoria